MK

ДЕТАЛНО УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВГРАДНАТА СТАКЛОКЕРАМИЧКА ПЛОЧА ЗА ГОТВЕЊЕ

gorenje

Ви благодариме на довербата и на тоа што го купивте нашиот производ.

Ова детално упатство за употреба се доставува заедно со производот, за неговото користење да биде полесно. Упатството би требало да ви овозможи да научите да ракувате со вашиот нов апарат во најкус можен рок.

Проверете дали сте добиле неоштетен апарат. Ако, сепак, откриете дека дошло до оштетување во текот на транспортот, ве молиме контактирајте го продавачот од кој сте го купиле апаратот или регионалниот магацин од кој е доставен. Телефонскиот број може да се најде на фактурата или на испратницата.

Упатството за употреба може да се најде и на нашата веб страна:

www.gorenje.com / < http://www. gorenje. com />

Важни информации

Совет, напомена

СОДРЖИНА

4 ВАЖНИ БЕЗБЕДНОСНИ ИНСТРУКЦИИ 6 Пред вклучување на апаратот:	ВОВЕД
7 СТАКЛОКЕРАМИЧКА ВГРАДНА ПЛОЧА ЗА ГОТВЕЊЕ 8 Технички спецификации	
9 ПРЕД ПРВАТА УПОТРЕБА НА АПАРАТОТ	ПОДГОТВУВАЊЕ НА АПАРАТОТ ЗА ПРВА УПОТРЕБА
10 ПЛОЧА ЗА ГОТВЕЊЕ 10 Стаклокерамичка површина за готвење 11 Совети во врска со садовите за готвење 11 Совети за заштеда на енергија	РАБОТА НА ПЛОЧАТА ЗА ГОТВЕЊЕ
12 УПРАВУВАЊЕ СО ПЛОЧАТА ЗА ГОТВЕЊЕ 12 Контролна единица (во зависност од моделот) 13 Вклучување на грејната плоча 13 Вклучување на зоните за готвење 14 Автоматско брзо загревање 14 Табела за автоматско брзо загревање 16 Дополнителна грејна зона (во зависност од моделот) 16 Грејна зона со зголемена моќност 17 Блокада за заштита на деца 18 Временски функции 19 Паузирање на процесот за готвење со stop & go 19 Функција на меморија 20 Исклучување на грејната зона 20 Индикатор за преостаната топлина 20 Максимално време на готвење 21 Исклучување на целата плоча за готвење 21 Автоматско исклучување 21 Нагодување на параметри за звучниот сигнал и блокада/заклучување	
23 ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ	ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ
25 ТАБЕЛА СО ПРОБЛЕМИ И РЕШЕНИЈА	РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМИ
26 ИНСТАЛИРАЊЕ ВГРАДНА ПЛОЧА **34 ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ПЛОЧАТА ЗА ГОТВЕЊЕ НА СТРУЈА**	ИНСТАЛИРАЊЕ И ПРИКЛУЧУВАЊЕ
36 ИСФРЛАЊЕ	РАЗНО

ВАЖНИ БЕЗБЕДНОСНИ ИНСТРУКЦИИ

ВНИМАТЕЛНО ПРОЧИТАЈТЕ ГИ УПАТСТВАТА И ЗАЧУВАЈТЕ ГИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО ИДНИНА

Овој апарат може да го користат деца на возраст од 8 години и постари, како и лица со намалени физички, сетилни или ментални способности или недостаток на искуство и знаење, доколку се под надзор или имаат добиено инструкции за употреба на апаратот на безбеден начин и доколку ги разбираат можните опасности. Деца не смеат да си играат со апаратот. Чистењето и одржувањето на корисниците не треба да го вршат деца без надзор.

Децата треба да бидат надгледувани за да се осигури дека не си играат со апаратот.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Апаратот и неговите достапни делови стануваат жешки за време на употребата. Треба да се внимава да не се допираат грејните елементи. Децата помали од 8 години треба да се чуваат подалеку, освен ако постојано се надгледува.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Достапните делови може да станат жешки за време на употребата. За да се избегнат изгореници, малите деца треба да се чуваат подалеку.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Уверете се дека апаратот е исклучен пред да ја замените светилката за да избегнете електричен шок.

Не користете средства за чистење со пареа или средства за чистење под висок притисок за чистење на апаратот, бидејќи тоа може да резултира со струен удар.

Апаратот не е наменет за контрола со надворешни тајмери или специјални системи за контрола.

Средствата за исклучување мора да бидат вградени во фиксните жици во согласност со правилата за електрична инсталација.

Ако кабелот за напојување е оштетен, истиот треба да го замени производителот, неговиот застапник за сервисирање или слично квалификувани лица за да се избегне опасност (само за апарати со приклучен кабел).

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Доколку површината е напукната, исклучете го апаратот за да избегнете електричен удар.

Не гледајте директно во елементите од плочата, затоа што имаат вградени халогенски светла.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Готвење на плоча без присуство на лице со масло или маст може да биде опасно и да предизвика пожар. НИКОГАШ не обидувајте се да го изгасите огнот со вода, туку исклучете го апаратот, а потоа покријте го пламенот со капак или противпожарно ќебе.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:Опасност од пожар: не чувајте предмети на површината за готвење.

Опасност од пожар: не чувајте предмети на површината за готвење.

ВНИМАНИЕ: Процесот на готвење треба да се надгледува. Краткотрајниот процес на готвење треба да се надгледува постојано.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Неприсуството при готвење на плоча со масло или маст може да биде опасно и да резултира со пожар.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Употребувајте само заштитни капаци за плочи произведени од производителот на апаратот или наведени како пригодни од производителот на апаратот во инструкциите за употреба или заштитни капаци за плочи вклучени со апаратот. Употребата на несоодветни заштитни капаци може да предизвика незгоди.

Апаратот е наменет за употреба во домаќинството. Не користете го за друга намена, како што се загревање на просторите, сушење на домашни миленици или други животни, хартија, ткаенини, билки и сл., бидејќи тоа може да доведе до опасност од повреда или пожар.

Апаратот може да го приклучи на струја само овластен сервисен техничар или стручно лице. Чепкање на апаратот или непрофесионална поправка може да резултира со ризик од тешка повреда или оштетување на производот.

Може да дојде до евентуални несогласувања во нијансите на боја помеѓу разни апарати или компоненти во еден единствен дизајн поради разни фактори, како што се различните агли под кои се гледа апаратот, различните бои на позадините, материјалите, како и осветлувањето на просторијата.

ПРЕД ВКЛУЧУВАЊЕ НА АПАРАТОТ:

Внимателно прочитајте го упатството за употреба пред да го поврзете апаратот. Поправка или било каква гаранциска поплака која произлегува од неправилно поврзување или користење на апаратот не подлежи на гаранција.

СТАКЛОКЕРАМИЧКА ВГРАДНА ПЛОЧА ЗА ГОТВЕЊЕ

(ОПИС НА ОПРЕМАТА И ФУНКЦИИТЕ – ВО ЗАВИСНОСТ ОД МОДЕЛОТ)

Со оглед на тоа што апаратите за кои е изготвено ова упатство за користење може да содржат различна опрема, во упатството може да се опишани некои функции или опрема кои не постојат во вашиот апарат.



1 Зона за готвење назад лево
2 Зона за готвење назад десно
3 Зона за готвење напред лево
4 Зона за готвење напред десно
5 Контролна единица за плочите за готвење

ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

(ВО ЗАВИСНОСТ ОД МОДЕЛОТ)



A Сериски број
B Шифра/идентификациски број
C Тип
D Марка
E Модел
F Технички податоци
G Симболи на сообразеност

Плочката со основни податоци за апаратот е сместена на дното на плочата за готвење.

ПРЕД ПРВАТА УПОТРЕБА НА АПАРАТОТ

Ако вашата плоча за готвење има стаклокерамичка површина, чистете ја со влажна крпа и течно средство за миење. Не употребувајте агресивни средства за чистење, како абразивни средства кои може да направат гребнатини, абразивни сунѓери за миење садови или средства за отстранување на дамки.

За време на првата употреба, може да се појави карактеристичен „мирис на апаратот на ново“ , овој мирис постепено исчезнува.

ПЛОЧА ЗА ГОТВЕЊЕ

СТАКЛОКЕРАМИЧКА ПОВРШИНА ЗА ГОТВЕЊЕ

- Грејната површина бргу ќе ја достигне зададената температура или јачина на струјата, додека површината околу вжештената површина за готвење останува ладна.
- Плочата е отпорна на температурни промени.
- Плочата е отпорна и на удар. Дури и садовите за готвење грубо да се стават на плочата, таа нема да се оштети.
- Користењето на стаклокерамичката плоча како простор за складирање може да предизвика гребнатини или друго оштетување.
- Не користете алуминиумски или пластични садови за готвење на вжештените површини за готвење. Не ставајте пластични предмети или алуминиумска фолија на стаклокерамичката плоча.
- Не користете ја стаклокерамичката плоча доколку е напукната или искршена. Доколку на плочата падне остар предмет, таа може да се искрши. Последиците од таков случај може да се видливи веднаш или по одредено време. Ако на плочата се појави видлива пукнатина, веднаш исклучете го апаратот од струја.

СОВЕТИ ВО ВРСКА СО САДОВИТЕ ЗА ГОТВЕЊЕ



- Користете квалитетни садови за готвење со рамно и стабилно дно.
- Дијаметарот на дното на тавата и на површината за готвење треба да бидат исти.
- Садови од отпорно стакло со специјално заоблено дно може да се користи на грејните површини доколку нивниот дијаметар е еднаков на оној на површините. Садовите со поголем дијаметар може да испукаат поради топлотниот притисок.
- Секогаш ставајте ја тавата или тенџерето на средина на грејната површина.

- Кога користите експрес-лонец, подгледнувајте го додека не се постигне вистинскиот притисок. Како прво, вклучете ја грејната површина на најголема јачина на струјата; потоа, следејќи го упатството на производителот на експрес-лонецот, со помош на соодветниот сензор намалете ја јачината на струјата во вистинскиот момент.
- Осигурете се дека во експрес-лонецот или било кој друг сад за готвење има доволно течност. Поради прегревање, празен сад на грејната површина може да доведе до оштетување и на садот и на грејната површина.
- Кога користите специјални садови за готвење, почитувајте ги упатствата на производителот.

СОВЕТИ ЗА ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА

- **Дијаметарот на дното на тенџеријата и на тавите треба да е еднаков со оној на грејната површина. Доколку тенџерето или тавата се премали, дел од топлината се губи, а површината за готвење може да се оштети.**
- Доколку процесот на готвење го дозволува тоа, користете капак.
- Големината на садовите за готвење треба да е соодветна на количината на храна. Кога готвите мала количина храна во голем лонец или тава, се губи уште повеќе енергија.
- Доколку за одредено јадење е потребно многу време да се зготви, користете експрес-лонец.
- Зеленчук, компири и слично може да се готват во помала количина вода. Храната ќе биде исто толку добро зготвена, под услов лонецот да е добро затворен со капак. Откако водата ќе зоврие, намалете ја јачината на струјата до ниво кое е токму доволно за да одржува бавно крчкање.

УПРАВУВАЊЕ СО ПЛОЧАТА ЗА ГОТВЕЊЕ

КОНТРОЛНА ЕДИНИЦА (во зависност од моделот)



Поставки на сензорните тастери:

A А Тастер за вклучување/исклучување (on/off) и заклучување на плочата за готвење
A1 Сигнално светло дека апаратот е во функција
C Stop & Go тастер за пауза на готвење
C1 Stop & Go Сигнално светло за пауза
D Тастер за минутарник/аларм за исклучување на временската функција
E Сигнално светло за дополнителна грејна површина
F Приказ на степенот на моќност/преостаната топлина
G Тастер за зголемување на моќноста (+)
I Тастер за намалување на моќноста (–)
J Тастер за on/off (вклучување/исклучување) на левата дополнителна грејна зона
J1 Тастер за on/off (вклучување/исклучување) на десната дополнителна грејна зона
K Сигнално светло за приказ на временски подесена грејна зона
L Приказ на временската функција
M Тастер за намалување на поставките на временската функција
N Тастер за зголемување на поставките на временската функција

ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРЕЈНАТА ПЛОЧА



Притиснете го копчето за вклучување/исклучување (A) и држете го притиснато 1 секунда. На сите индикатори за јачина на струјата се појавува „0“. Се емитува краток звучен сигнал и се пали сијаличка на индикаторот над копчето „вклучено“ ("on").

Ако не се вклучи ниту една грејна површина за 10 секунди, грејната плоча ќе се исклучи.

ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗОНИТЕ ЗА ГОТВЕЊЕ



Откако ќе се вклучи плочата (во наредните 10 секунди), вклучете ја саканата зона за готвење. Со помош на копчињата „+“ и „-“, изберете го саканото подесување за активираната зона за готвење. Ако најпрво го притиснете копчето „+“, нивото на јачина на струјата ќе се намести на „9“. Ако прво го допрете копчето „-“, нивото на јачина на струјата се мести на „4“.

Промена на поставките за грејна зона
Степенот на моќност може да се промени во кое било време со притискање на релевантниот тастер"+" или "–".

За зголемување или намалување на степенот на моќност побрзо, притиснете и задржете го тастерот "+" или "–".

Функција за подгревање/загревање
Површината за подгревање/загревање е наменета за зачувување на топлината на храната која е претходно зготвена. За да ја активирате функцијата изберете ги поставките помеѓу 0 и 1.

АВТОМАТСКО БРЗО ЗАГРЕВАЊЕ

Сите грејни зони се опремени со посебен механизам кој ја подесува моќноста на готвењето до максимум на почетокот на процесот на готвење без разлика на фактичките поставки за моќност. По некое време, моќноста на грејната зона ќе се префрли на првичниот подесен степен на моќност. (1 до 8).

Функцијата за автоматско загревање е соодветна за јадења кои треба да се загреат најпрво на максимална јачина на струјата, а потоа да се готват подолг временски период.
Функцијата за автоматско брзо загревање не е соодветна за динстање, пржење или готвење на пареа, односно за храна која бара често вртење, залевање со вода, или мешање односно храна која мора да се вари подолго време во сад под притисок.



Грејната зона треба да биде исклучена ("0" треба да се појави на дисплеј единицата). Притиснете го релевантниот тастер "+" и задржете го 3 секунди се додека не чуете краток звучен сигнал. "A" и "9" ќе засветат наизменично на дисплејот. Намалете го степенот на моќност до вредноста до која сакате да готвите по автоматското брзо загревање. „A“ и избраниот степен на моќност ќе се менуваат наизменично на дисплејот за степен на моќност. Кога ќе истече времето за автоматско брзо загревање, грејната зона автоматски ќе се префрли на избраниот степен кој потоа ќе се прикажува постојано.

ТАБЕЛА ЗА АВТОМАТСКО БРЗО ЗАГРЕВАЊЕ

Степен на моќност	1	2	3	4	5	6	7	8
Време на автоматско брзо загревање (мин.)	1:00	2:00	4:50	6:30	8:30	2:30	3:30	4:30

Ако степенот на готвење се намали додека е активирана функцијата на автоматско брзо загревање, тогаш автоматското брзо загревање за оваа грејна зона ќе се исклучи.

Функцијата на автоматско брзо загревање може да се деактивира со избирање на релевантната грејна зона и намалување на степенот на моќност до „0“. Потоа, подесете нов степен на моќност.

Вид на храна/метод на готвење	количина	степен на моќност	време на готвење (минути)
Супа/загревање	0,5 - 1 литар	A 7 - 8	4 - 7
Млеко/загревање	0,2 - 0,4 литар	A 1 - 2	4 - 7
Ориз/готвење	125g - 250гр околу 300 - 600мл вода	A 2 - 3	20 - 25
Варени компири / цели, нелупени	750g - 1,5кг	A 5 - 6	25 - 38
Свеж зеленчук, исечкан / готвење	0,5 - 1 кг околу 400 - 600мл вода	A 4 - 5	18 - 25

- Табелата наведува примери од некои јадења кај кои се препорачува функцијата на автоматско брзо загревање.
- Прикажаните вредности се приближни и може да зависат од други параметри за готвење (на пример видот и обемот на садовите за готвење, количина на додадена вода, итн.).
- Помали количини се однесуваат на помали грејни зони, поголеми количини се однесуваат на поголеми грејни зони.

ДОПОЛНИТЕЛНА ГРЕЈНА ЗОНА (во зависност од моделот)

Дополнителниот прстен за грејачот може да се активира за неколку грејни зони (во зависност од моделот).



Активирање на дополнителната грејна зона / дополнителен прстен на грејачот

- Дополнителниот прстен може да се активира за да се прошири веќе избраната грејна зона за која било подесен степенот на моќност. За да се активира проширувањето на грејната зона, притиснете го тастерот (J/J1). Сигналното светло (I) веднаш до дисплеј единицата ќе се засвети.
- Степенот на моќност се избира за двата прстена.
- Ако грејната зона има трет прстен, активирајте го со притискање на тастерот (J/J1) повторно, така што двете сигнални светла (I)ќе светат веднаш до приказот за степенот на моќност.

Деактивирање на дополнителната грејна зона/ дополнителниот прстен на грејачот

- За да го исклучите дополнителниот прстен (или прстени) за загревање притиснете го тастерот (J/J1) веднаш до избраната грејна површина.

ГРЕЈНА ЗОНА СО ЗГОЛЕМЕНА МОЌНОСТ

Кај некои модели, зголемувањето на моќноста може да се активира на предната лева грејна зона прикажана со "P" или "»". Ова овозможува побрзо загревање на садовите за готвење и на храната.



Активирање на функцијата за зголемена моќност

- Избирање на предната лева грејна површина.
- Притиснете го тастерот (J) за дополнителен прстен за загревање или за зголемување на моќноста. Буквата »P« ќе се појави на единицата за приказ на моќноста и дополнителната моќност на загревање наскоро ќе се активира на грејната зона која дополнително ќе се зажари.

Деактивирање на функцијата за зголемување на моќноста

Функцијата за зголемување на моќноста може да се деактивира на два начина:

- Притиснете го тастерот (J). Функцијата на зголемување на моќноста ќе се деактивира и моќноста на работа ќе се врати на степен кој е подесен пред да се активира функцијата на зголемување на моќност.
- Моќноста може да се намали до посакуваното ниво со притискање на тастерот (–).

Грејната зона со активирана функција на зголемување на моќноста користи многу од моќноста за загревање. Поради ова, соседната горна (задна) грејна зона не може истовремено да биде подесена на максимална моќност, туку моќноста ќе биде ограничена на 7 за времетраење на активната функција на зголемување на моќноста. Ако функцијата на зголемување на моќноста е активирана за предната лева грејна зона во моментот кога задната грејна зона е подесена на степен на моќност 8 или 9, или кога ќе се активира автоматско брзо загревање, степенот на моќност за задната лева грејна зона автоматски ќе се подеси на 7 или ќе се деактивира функцијата на автоматско брзо загревање.

Секоја грејна зона има вградена заштита од прегрејување. Ако нема садови за готвење на грејната зона или ако преносот на топлина врз храната да не е доволен тогаш загревањето автоматски ќе се деактивира неколку секунди. Ова е особено важно за грејната зона со опција за функција на зголемување на моќноста бидејќи работи со многу поголема моќност и има поголема веројатност од прегрејување.

БЛОКАДА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦА

На плочата може да биде активирана заштитата од деца, за да се спречи лесно и брзо вклучување на апаратот.



Заклучување на контролите на плочата за готвење

Плочата мора да се исклучува.
Притиснете го копчето за вклучување/исклучување и држете го притиснато 3 секунди. Симболот „0“ на индикаторот за јачина на струјата на плочата за готвење се менува и се појавува „L“. Плочата за готвење сега е заклучена. По неколку секунди, плочата за готвење автоматски се исклучува.

Отклучување на контролите на плочата за готвење

За да ја отклучите плочата за готвење, постапете на истиот начин како и при заклучување на истата. Плочата мора да биде исклучена.
Притиснете го копчето за вклучување/исклучување и држете го притиснато 3 секунди. Симболот „L“ на индикаторот за јачина на струјата се менува и се појавува „0“. Плочата за готвење сега е отклучена и подготвена за користење.

Ако е активирана функцијата на блокада за заштита на децата во режимот на подесување на корисник (види поглавје „Режим на подесување на корисник“) тогаш плочата автоматски ќе се заклучи секогаш кога ќе биде исклучена.

ВРЕМЕНСКИ ФУНКЦИИ

Времето на готвење може да се подеси од 1 до 99 минута. Оваа функција ви овозможува два режима на работа:



А МИНУТАРНИК- АЛАРМ

Притиснете го тастерот за временската функција / минутарник (D) за да ја активирате временската функција. "00" ќе се појави на дисплејот за временска функција (L). Притиснете ги тастерите "+" (N) и "–" (M) за да го подесите времето во опсег од 1 до 99 минути.

- Откако ќе истече подесеното време, алармот ќе се активира, сепак, грејната зона нема да се исклучи.
- Исклучете го алармот со притискање на кој било тастер, или во спротивно ќе се исклучи автоматски по одреден временски период.
- Функцијата на минутарник-аларм ќе остане активирана дури и кога плочата за готвење ќе се исклучи со користење на тастерот (A).
- За време на последната минута од одбројувањето, времето кое е преостанато ќе се прикаже во секунди.

В ВРЕМЕНСКО ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ИЗБРАНАТА ГРЕЈНА ЗОНА

Оваа функција ви овозможува подесување на времето за готвење за избраната грејната зона за која веќе претходно е подесен степенот на моќност. Кога ќе истече времето, грејната зона ќе се исклучи автоматски.

Притиснете го тастерот за временска функција /потсетник (D) за да го активирате тајмерот. "00" ќе се појави на дисплејот за временска функција (L). Притиснете го сензорот (G) повторно. Точката (K) за релевантната грејна зона ќе започне да свети.

- Притиснете ги тастерите »+« и »–« за да го нагодите времето во опсег од 1 до 99 минути.
- Кога ќе се подеси посакуваната вредност, ќе започне одбројувањето. Точката (K) која покажува за која грејна зона е подесена временската функција ќе продолжи да свети.
- Откако ќе истече подесеното време, ќе се активира звучен сигнал и грејната зона ќе се исклучи. „00“ ќе засвети на дисплејот од часовникот. Исклучете го алармот со притискање на кој било тастер, или пак самиот ќе се исклучи автоматски по одреден временски период.

Времето на готвење може да се нагоди поединечно за секоја грејна зона. Ако се активирани неколку временски функции, преостанатото време за соодветните грејни зони ќе се менува на дисплејот во временски интервали кои траат неколку секунди. Светлото на индикаторот ќе затрепка и ќе ја означи релевантната грејна зона.

Промена на времето за готвење

- Преостанатото време за готвење ќе може да се промени во кој било момент од готвењето.
- Притиснете го тастерот за исклучување на временската функција (D) за да изберете приказ на временската функција за посакуваната грејна површина. Релевантното светло на индикаторот (K) ќе засвети.
- Притиснете ги тастерот«+« (N) и тастерот »–« (M) за да го подесите новото време за готвење.

Приказ на преостанатото време за готвење

Ако се активирани истовремено неколку временски поставки, преостанатото време за готвење може да се прикаже со притискање на тастерот (D).

Ресетирање на временското нагодување

- Изберете го посакуваниот временски приказ со притискање на тастерот (G) (види дел Промена на подесеното време за готвење). Подесената временска функција ќе се прикаже и светлото на индикаторот за релевантната грејна плоча ќе засвети.
- Притиснете го тастерот »–« (I) за да ја подесите вредноста до »00«, или притиснете го тастерот »+« (N) и тастерот«–« (M) истовремено за веднаш да ја ресетирате вредноста до »00«.

ПАУЗИРАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА ГОТВЕЊЕ СО STOP & GO

Фунцијата STOP & GO ви овозможува да го паузирате (или прекинете) процесот на готвење, и во исто време да ги зачувате сите поставки.

За да го паузирате процесот на готвење, притиснете го тастерот STOP & GO (C). Светлото на индикаторот (C1) ќе засвети над тастерот. Поставките на дисплејот ќе засветат. Сите поставки се замрзнати, а грејните зони не се загреани (грејачите се исклучени).

Сите тастери освен тастерот on/off и тастерот STOP & GO се неактивни. За да ја деактивирате функцијата STOP & GO, притиснете го тасерот STOP & GO повторно. Светлото на индикаторот (C1) ќе се исклучи.

Ако функцијата STOP & GO не се исклучи, целата плоча за готвење автоматски ќе се исклучи по 10 минути.

ФУНКЦИЈА НА МЕМОРИЈА

Функцијата на меморија овозможува ресетирање на последно избраните поставки за 5 секунди по исклучувањето на плочата за готвење. Ова е погодно кога на пример случајно сте притиснале на тастерот on/off и сте ја исклучиле целата плоча или ако плочата за готвење автоматски се исклучила како резултат на истурена течност.

По исклучување со помош на тастерот on/off имате 5 секунди да ја вклучите контролната табла и дополнителни 5 секунди за да го притиснете тастерот STOP & GO за да ги ресетирате поставките. За време на овие 5 секунди, светлото на индикаторот над тастерот за ресетирање на поставки ќе засвети. Сите поставки кои биле активни пред да сте ја исклучиле плочата за готвење ќе се ресетираат.

ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ГРЕЈНАТА ЗОНА



За да ја исклучите грејната зона, користете го релевантниот „-“ тастер за да ја подесите вредноста на „0“. За брзо да ја исклучите грејната зона, притиснете ги релевантните тастери „-“ и „+“ истовремено. Ќе чуете краток звучен сигнал, и ќе се појави „0“ на дисплејот.

Ако степенот на сите грејни зони е подесен на „0“, грејната зона автоматски ќе се исклучи по неколку секунди.

ИНДИКАТОР ЗА ПРЕОСТАНАТА ТОПЛИНА

Само што ќе се исклучи топлата грејна зона или целата плоча за готвење, следново ќе се појави на дисплејот:

- "H" грејната зона е топла;

Колку долго ова ќе се прикажува зависи од степенот на моќност и од тоа колку долго е активна една грејна зона. Кога знакот „H“ ќе исчезне, грејната зона може се уште да остане топла во некои случаи (прекин на електрична енергија, оставен сад за готвење на грејната површина, и слично). Бидете внимателни бидејќи постои опасност од изгореници! Во случај на прекин на електрична енергија се додека грејните зони се се уште топли, знакот „H“ ќе свети на дисплејот. Ова укажува на тоа дека грејната зона може да е или да не е топла во зависност од времетраењето на прекинот на електричната енергија.

Апаратот е тестиран во производството во однос на загревање на грејните зони. Поради ова, знакот „H“ може да засвети на дисплејот кратко време при првото вклучување на апаратот во вашиот дом.

Кога ќе се исклучи знакот "H" грејната зона се уште може да е топла. Постои ризик од изгореници!

МАКСИМАЛНО ВРЕМЕ НА ГОТВЕЊЕ

Заради безбедност, времето на готвење за секоја грејна зона е ограничено на максимално времетраење. Максималното времетраење на готвење зависи од последно подесениот степен на моќност. Ако степенот на моќност не се промени, грејната зона ќе се исклучи автоматски откако ќе се постигне максималното времетраење на готвењето.

Степен на моќност	u	1	2	3	4	5	6	7	8	9	P
Максимално време на работа (часови)	8	8	8	6	6	4	4	2	1,5	1,5	1

ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ЦЕЛАТА ПЛОЧА ЗА ГОТВЕЊЕ



Со притискање на ON/OFF тастерот (A) може да ја исклучите целата плоча за готвење. Звукот за плочата за готвење ќе се огласи и сите индикатори ќе се исклучат, освен за индикаторите за грејните зони кои се уште се топли, и за кои индикаторот "H" кој ја покажува преостанатата топлина ќе остане да свети.

АВТОМАТСКО ИСКЛУЧУВАЊЕ

Ако тастерите се активирани премногу долго за време на готвењето (на пр. како резултат на истурена течност или предмет поставен врз сензорните тастери), сите грејни зони ќе се исклучат по 10 секунди. Симболот ⌐↑ ќе засвети на дисплејот.
Предметот треба да се отстрани или доколку има истурена течност таа да се собере од сензорните тастери во рок од 2 минути. Во спротивно,плочата за готвење ќе се исклучи автоматски.
Последно користените нагодувања може да се обноват во функцијата на меморија со користење на тастерот STOP&GO.

НАГОДУВАЊЕ НА ПАРАМЕТРИ ЗА ЗВУЧНИОТ СИГНАЛ И БЛОКАДА/ЗАКЛУЧУВАЊЕ

Можете да ја прилагодите јачината на звучниот сигнал, времетраењето на звучниот аларм, и нагодувањата за автоматско заклучување. Параметрите во менито за нагодувања може да се активираат во рок од две минути откако апаратот ќе се поврзе со главната електрична мрежа со притискање и задржување на тастерот за пауза (STOP & GO) околу 3 секунди додека да се исклучи апаратот.
Првиот параметар "Uo" ќе се појави на дисплејот за тајмер, кој ја покажува јачината на звукот на звучните сигнали. Притиснете го тастерот за тајмер(M,N) за да го изберете типот на параметар.

Uo Звучен сигнал и јачина на аларм (јачина)
So Времетраење на аларм
Lo Автоматско заклучување

Моментално подесената вредност ќе се појави на дисплејот за степен на моќност на десната грејна зона. Вредноста може да се прилагоди со притискање на "–" или "+" тастери за предната десна грејна зона. Сите параметри може да се потврдат и да се зачуваат со притискање и задржување на тастерот за пауза (STOP&GO) 2 секунди. Потоа, ќе се огласи краток сигнал. Ако не сакате да ги зачувате новите нагодувања на параметрите, затворете го режимот на нагодувања на корисник со притискање на тастерот вклучување/исклучување.

Звучен сигнал и јачина на аларм (јачина) "Uo"
Следниве вредности може да се подесат:
00 на дисплеј = (не е релевантно за аларм и звучен сигнал при грешки)
01 на дисплеј = минимална јачина на звук
02 на дисплеј = средна јачина на звук
03 на дисплеј = максимална јачина на звук (фабрички подесено)
Краток звучен сигнал ќе се огласи при секоја промена со ново подесена јачина на звук.

Времетраење на звучниот аларм "So"
Следниве вредности може да се подесат:
05 на дисплеј = 5 секунда
1.0 на дисплеј = 1 минута
2.0 на дисплеј = 2 минута (фабрички подесено)

Блокада за заштита на деца "Lo"
Ако се активира функцијата на автоматско заклучување во режимот на подесување на корисници, плочата за готвење автоматски ќе се заклучи секој пат кога корисникот ќе ја исклучи.
00 на дисплеј = исклучување (фабрички подесено)
01 на дисплеј = вклучување

ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ

Исклучете го апаратот од струја и почекајте да се излади.

Деца не треба да го чистат или да го одржуваат апаратот без правилен надзор.

По секоја употреба, почекајте стаклокерамичката површина да се излади и исчистете ја. Во спротивно, сите преостанати нечистотии ќе изгорат на жешката површина следниот пат кога ќе ја вклучите плочата.
За редовно одржување на стаклокерамичката плоча, користете специјални средства за одржување кои создаваат заштитен слој на површината, за да спречите нечистотии да се лепат на плочата.

Пред секоја употреба на стаклокерамичката површина, избришете ја прашината или другите нечистотии и на плочата и на дното на садот, кои може да ја изгребат површината.

Челична волна, груби сунѓери за чистење и абразивни прашоци може да ја изгребат површината. Таа може да се оштети и со агресивни средства за чистење и несоодветни течни средства.



Ознаките на плочата може да исчезнат поради користење на агресивни или абразивни средства за чистење или садови за готвење со грубо или оштетено дно.



За отстранување на **помали нечистотии**, користете влажна и мека крпа. Потоа, пребришете ја површината со сува крпа.

Отстранете ги **дамките од вода** со благ раствор на оцет. Но, не користете таков раствор за бришење на рамката (само кај некои модели), зашто може да го изгуби сјајот. Не користете агресивни средства за чистење во вид на спреј или средства за отстранување бигор.

За **нечистотии што тешко се отстрануваат,** користете специјални средства за стаклокерамички површини. Следете го упатството на производителот. **Темелно отстранете ги сите остатоци од средството за чистење по крајот на процесот на чистење, зашто тие може да ја оштетат стаклокерамичката површина кога грејните површини ќе се вжештат.**

Нечистотиите што тешко се отстрануваат и остатоците од изгорена храна отстранете ги со гребалка. Внимавајте при ракувањето со гребалката, за да спречите повреди.

Гребалка користете само кога нечистотиите не може да се отстранат со влажна крпа или со специјални средства за чистење стаклокерамички површини.

Држете ја гребалката **под правилен агол** (45° до 60°). **Нежно притиснете** со гребалката на стаклото и лизгајте ја преку ознаките за да ги отстраните нечистотиите. Внимавајте пластичната дршка на гребалката (кај некои модели) да не дојде во контакт со жешка грејна површина.



Не притискајте со гребалката вертикално на стаклото и не гребете ја површината на плочата со нејзиниот врв или острица.

Веднаш отстранувајте **шеќер или храна богата со шеќер** од стаклокерамичката плоча со помош на гребалка, дури и грејната површина да е уште жешка, зашто шеќерот може трајно да ја оштети стаклокерамичката површина.

Промените во сјајот на елементите на графички дизајн или обезбојување не треба да се сметаат за оштетување на апаратот, туку за резултат на нормалната употреба на плочата за готвење. Најчесто е последица од остатоци на храна која се запалила, односно ја предизвика дното на садовите (на пример алуминиумски или бакарни), што е многу тешко наполно да се отстрани.

Предупредување: Сите наведени грешки се пред си од естетски карактер и директно не влијаат врз работењето на апаратот. Отсранување на овие грешки не е предмет на гаранцијата.

ТАБЕЛА СО ПРОБЛЕМИ И РЕШЕНИЈА

Совет
Ако степенот на моќност е подесена на „0“ за сите зони на готвење, плочата за готвење ќе се исклучи по 10 секунди.
Ако кој било тастер е активиран (притиснат) повеќе од 10 секунди, плочата за готвење ќе се исклучи, ќе се огласи звучен сигнал и на дисплејот ќе се појави знак () кој трепка.
Ако неколку тастери се покриени со предмет или ако се истури течност врз нив, плочата автоматски ќе се исклучи по кратко време.
Проверете дали површината околу сензорните тастери е сува и чиста.
Ако тастерите не реагираат или на дисплејот се појават нестандардни знаци, исклучете ја плочата за готвење од главната електрична мрежа неколку минути (проверете го осигурувачот или прештекајте го кабелот од главниот прекинувач), потоа поврзете ја плочата за готвење повторно на електричната мрежа и вклучете го главниот тастер за вклучување.
Плочата за готвење е со вградена заштита од прегревање. Ако контролната единица започне да се прегревува, степенот на моќност за готвење автоматски ќе се намали; на крај плочата за готвење ќе се исклучи и во овој случај ќе се појави симболот ФХ на дисплејот. Кога ќе се олади контролната табла, можете да продолжите со готвење.
Плочата за готвење е отпорна на интерференции во мрежата за снабдување со струја. Во случај на посилна интерференција, копчињата може да реагираат малку побавно. Во таков случај, притискајте ги копчињата посилно. Ваквите појави се обично пократки и не влијаат врз работењето на апаратот на долг рок.

Ако проблемите продолжат да постојат и покрај примената на советите погоре, повикајте овластен сервисер. Поправките или рекламацијата која е направена како резултат на неправилно поврзување или користење на апаратот не е предмет на гаранцијата. Во овој случај, корисникот ќе ги сноси трошоците за поправка.

Пред да започнете со поправка, исклучете го апаратот од главната електрична мрежа (со отстранување на осигурувачот од разводната табла или со отстранување од кабелот од ѕидниот приклучок).

ИНСТАЛИРАЊЕ ВГРАДНА ПЛОЧА





- Хоризонтален преграден панел треба да се инсталира под плочата за готвење по целата должина. Треба да има најмалку 20 мм простор помеѓу долниот дел од апаратот и преградната плоча. Треба да се остави простор за соодветна вентилација од задната страна.
- По инсталирање на вградната плоча за готвење, до двата предни вградни елементи мора да биде овозможено пристапување од долната страна.
- Пораби од цврсто дрво на работните површини зад грејната површина се дозволени само доколку растојанието меѓу поработ и плочата за готвење не е помало од она што е назначено во шемите за инсталација.
- Инсталирање рерна под плочата за готвење е можно само кај рерните од типот **EVP4, EVP2, EVP3** итн., кои се опремени со вентилатор за ладење.





ДИМЕНЗИИ НА ОТВОРОТ ВО РАБОТНАТА ПОВРШИНА (во зависност од моделот)



30cm



60cm



80cm



90cm

ВГРАДУВАЊЕ НА ДИХТУНГОТ ОД ПЕНА

На некои апарати, дихтунгот е веќе вграден!

Пред инсталирање на апаратот на кујнска работна површина, прикачете го дихтунгот од пена што доаѓа со апаратот на долната страна од стаклокерамичката плоча.

- Отстранете го заштитниот слој од дихтунгот.
- Прикачете го дихтунгот на долната страна од стаклото (на растојание од 2-3мм од работ). Дихтунгот мора да се стави долж целиот раб на стаклото. Не смее да се преклопува на краевите.
- Кога го ставате дихтунгот, проверете да не е оштетен со остри предмети или да не е во контакт со остри предмети.



Не инсталирајте го апаратот без овој дихтунг!



- Работната површина мора да е сосема рамна.
- Заштитете ги отсечените површини.
- Со помош на доставените шрафови (4x), прикачете ги елементите за прицврстување (4x) во дупките и исечените отвори на предниот и задниот дел од плочата за готвење.
- Вметнете ја плочата за готвење во исечените отвори и притиснете ја силно кон работната површина одозгора.
- Не користете шрафови подолги од 6,5мм за прицврстување на штипката за прицврстување.

ВГРАДУВАЊЕ НА АПАРАТОТ ВО КУЈНСКА РАБОТНА ПЛОЧА

Апаратите без избрушени рабови или декоративни рамки се соодветни за вградување во кујнски елементи.

1. Инсталирање на апаратот

Апаратот може единствено да се вгради во кујнска работна плоча која е отпорна на температура и водоотпорна, како на пример кујнската работна плоча направена од (природен) камен (мермер, гранит) или масивно дрво (краевите по должина на изрежаниот отвор мора да бидат обработени со обод). Кога инсталирате апарат во кујнска работна површина направена од керамика, дрво, или стакло, треба да се користи дрвена рамка односно фурнир. Рамката односно фурнирот не е дел од апаратот.

Апаратот може единствено да се инсталира во кујнска работна површина направена од други материјали само доколку сте го консултирале производителот на кујнската површина и при тоа сте добиле негова изричита согласност. Внатрешните димензии на основната единица треба да бидат во најмала рака еднакви на внатрешниот изрежан отвор за апаратот. Ова ќе овозможи едноставно отстранување на апаратот од работната кујнска површина. Обложете со трака за пополнување и заптивање по должина на периметарот на дното од стаклената плоча.



Најпрвин, поставете го мрежниот кабел во изрежаниот отвор. Поставете го апаратот преку средиштето на изрежаниот отвор.

Поврзете го апаратот на главната електрична мрежа (види упатства за приклучување на апаратот).

Пред затворање на апаратот, проверете дали тој работи.

Пополнете го празниот простор помеѓу апаратот и кујнската работна површина со користење на силиконски заптивач. Силиконскиот заптивач кој се користи за да се затвори апаратот мора да биде отпорен на температура (на најмалку 160 °C). Порамнете го силиконскиот заптивач со користење на соодветна алатка.

Следете ги инструкциите за употреба на избраниот силиконски заптивач. Не го вклучувајте апаратот се додека силиконскиот заптивач не се исуши целосно.

1. силиконски заптивач, **2.** Трака за пополнување и заптивање

Обратете посебно внимание на вградените димензии со работни кујнски површини од (природен) камен. Кога избирате силиконски заптивач, внимавајте на материјалот на работната површина и консултирајте го производителот на работните кујнски површини. Употребата на несоодветни силиконски заптивачи може да доведе до постојано обезбојување на некои делови.

2. Отстранување на вградниот апарат:

Исклучете го апаратот од главната електрична мрежа.

Користете соодветна алатка за да го отсраните силиконскиот заптивач од периметарот. Отстранете го апаратот со притискање односно повлекување нагоре од долната страна.

Не обидувајте се да го отстраните апаратот од горната страна на работната кујнска плоча!

Работна површина од камен



1. Работна кујнска површина
2. Апарат
3. Празен простор

Имајќи го предвид можното отстапување (простор) за стакло керамичката плоча на апаратот и изрежаниот отвор во работната површина, празниот простор е прилагодлив. (мин. 2 mm).

Керамичка, дрвена, или стаклена работна кујнска површина



1. Работна кујнска површина
2. Апарат
3. Празен простор
4. Дрвена рамка, дебелина 16 mm.

Имајќи го предвид можното отстапување (простор) за стакло керамичката плоча на апаратот и изрежаниот отвор во работната плоча, празниот простор е прилагодлив. (мин. 2 mm). Вградете ја дрвената рамка 5.5 мм под горниот раб на работната површина (види цртеж).

Следете го радиусот на стаклените рабови (R10, R2) кога го режете отворот.



ДИМЕНЗИИ НА ОТВОРОТ ВО РАБОТНАТА ПОВРШИНА - FLUSH MOUNT

(во зависност од моделот)



30cm

708856







60cm







80cm







90cm

ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ПЛОЧАТА ЗА ГОТВЕЊЕ НА СТРУЈА

- Заштитата на струјните приклучоци мора да одговара на релевантните прописи.
- Пред да го приклучите апаратот, проверете дали напонот наведен на плочката со спецификации одговара на напонот во вашиот електричен систем.
- Треба да постои уред за исклучување во електричната инсталација со чија помош може да се исклучат сите полови на апаратот од струја, со растојание од најмалку 3мм меѓу контактите кога е отворен. Соодветни такви уреди се осигурувачи, заштитни прекинувачи и слично.
- Приклучокот треба да се прилагоди на струјата и на осигурувачите.
- По инсталацијата, деловите кои ја пренесуваат електричната струја и изолираните делови треба да се заштитат, за да се спречи контакт.

Апаратот смее да го приклучи само овластено стручно лице. Неправилното приклучување може да оштети делови од апаратот. Во таков случај, се губи правото на гаранција.
Исклучете го апаратот од струја пред каква и да е поправка или одржување.

ШЕМА НА ПРИКЛУЧУВАЊЕ:



Премостувачите се поставени на посебно место наменето за тоа на спојката.

ПРИКЛУЧЕН КАБЕЛ

За приклучување може да се користи следново:

- ПВЦ изолирани кабли за поврзување од типот H05 VV-F или H05V2V2-F со жолто-зелен заштитен спроводник или други, еквивалентни или подобри кабли.



Стандарден приклучок:

- 2 фази, 1 неутрален проводник (21N, 380-415V~/50Hz):
  ▷ Напонот помеѓу фазите и неутралниот проводник е 220-240 V~. Напонот помеѓу двете фази е 380-415 V~. Вградете премостувач помеѓу терминалите 4–5. Групата (инсталацијата) треба да вклучува најмалку два осигуруваци од 16 ампери. Дијаметарот на приклучниот кабел треба да биде најмалку 1.5mm^2.
- 2 фази, 2 неутрални проводници (22N, 220-240V~/50Hz):
  ▷ Напонот помеѓу фазните и неутралните проводници е 220-240V~.
  ▷ Групата (инсталацијата) треба да вклучува најмалку два осигуруваци од 16 ампери. Дијаметарот на приклучниот кабел треба да биде најмалку 1.5mm^2.

Посебен приклучок:

- Монофазен приклучок (11N, 220-240V~/50Hz):
  ▷ Напонот помеѓу фазниот и неутралниот проводник е 220-240V~. Вградете премостувачи помеѓу терминалите 1–2 и 4–5. Групата (инсталацијата) мора да биде опремена со осигурувач од најмалку 32A. Дијаметарот на приклучниот кабел треба да биде најмалку 4 mm^2.

Приклучниот кабел морате да го спроведете преку спојката која го штити кабелот од извлекување. Проверете кабелот од задната страна на апаратот да не допира до површината на задната грејна плоча бидејќи овој дел се загрева за време на работа на апаратот. По приклучувањето на апаратот, вклучете ги сите грејачи околу 3 минути за да ја проверите нивната работа.



Погрешното поврзување може да предизвика оштетување на деловите од апаратот. Во ваков случај, гаранцијата не важи.

Пред да го поврзете апаратот, проверете го наведениот напон на натписната таблица кој треба да е усогласен со напонот на главното електрично напојување. Стручно лице треба да го провери фактичкиот напон при електрично приклучување во вашиот дом (220-240V во сооднос со N), со користење на соодветен мерен уред!

Апаратите со ширина од 30 см (две површини на готвење) дозволуваат монофазно поврзување. Дијаметарот на приклучниот кабел треба да биде минимум 1.5 мм!

ИСФРЛАЊЕ

Амбалажата е произведена од еколошки материјали кои може да се рециклираат, да се исфрлат или да се уништат без никаква опасност по животната средина. За таа цел, амбалажниот материјал е соодветно означен.

Симболот на производот или на амбалажата означува дека производот не треба да се третира како нормален отпад од домаќинството. Производот треба да се однесе кај овластен центар за собирање и преработка на електричен и електронски отпад.

Правилното исфрлање на производот помага да се спречат евентуалните негативни последици по животната средина и здравјето на луѓето, до кои може да дојде во случај на неправилно исфрлање на производот. За детални информации во врска со исфрлањето и преработката на отпадот, ве молиме контактирајте со релевантното општинско тело задолжено за управување со отпадот, со вашата служба за собирање отпад или со продавницата во која сте го купиле производот.

Го резервираме правото на менување на упатството и грешки во истото.

708856